ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКРЕТАР

МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 21-5696/12
Датум: 18.06.2025 година
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Карпош донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1.За извршител за работното место – УПР0101В01000, Развој на комунална инфраструктура, во Одделение за комунална инфраструктура, во Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи, се избира кандидатот **Елена Лазароска**.
2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 09.06.2025 година на веб страната на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас бр.03/2025 за унапредување на работно место – Советник – Развој на комунална инфраструктура, во Одделение за комунална инфраструктура, во Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр.21-5696/8 од 12.06.2025 година, донесено од страна на Секретарот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр.04-5696/10 од 17.06.2025 година, ја достави до Секретарот на Општина Карпош.

Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
***www.karpos.gov.mk; sekretar@karpos.gov.mk***

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

Изработил:Н.Таневски
Проверил:

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Весна Стефанова

__Доставено до:__
- Именуваната,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош.